20.07.2023

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**

Оперативни грантови

Референтен број: SB MKD CG 02/23

1. Формуларот за буџет се однесува на годишен оперативен буџет. Дали во буџетот треба да се наведе само оперативниот буџет за 2024 година или пак за две консекутнивни фискални години? Доколку е за две Ве молам појаснете ни како да ги презентираме (за секоја година посебно или пак во вкупен износ).

**Одговор: Во буџетот треба да се наведе оперативниот буџет на организацијата за 2024 година (за една година), а поддршката се однесува на две фискални години (24 месеци).**

2. Дали буџетот кој ќе се одобри на некој организација (пример 100.000 Евра) се однесува на една фисклан година или пак на две? Ако се однесува на две во тој случај колкав би бил износот на годишна поддршка?

**Одговор: Поддршката (одобрениот буџет) се однесува на 2 фискални години. Надворешната евалуација на проекти во втората фаза од евалуацијата одлучува за висината на оперативниот грант што треба да се додели на организацијата врз основа на приложените документи во апликацијата.**

3. Дали износот на необезбедени средства (разлика помеѓу  Ф54 и Ф56) може да биде повисоки од износот на овој грант?

**Одговор: Износот на необезбедени средства може да биде повисок од износот на овој грант, со тоа што висината на грантот ќе биде одредена од страна на Комисијата за селекција, врз основа на извештајот од проценката за влијание.**

4. Дали има разлики колку проценти од буџетот по ставки треба за опрема, канцелариски трошоци, а колку за другте ставки?

**Одговор: Претходно одговорено - Нема претходно определени пропорции за распределба на буџетските линии. Организациите поднесуваат предлог буџет, а комисијата за избор, проценува колкава вредност ќе му биде доделена на подносителот на апликацијата. Буџетскиот формулар содржи и упатства за пополнување на Формуларот за буџет.**

5. Дали за вработени се сметаат само тие што се пријавени или и тие што се хонорарно ангажирани?

**Одговор: За вработени се сметаат лицата ангажирани врз основа на договор за вработување, според Закон за работни односи.**

6. Дали е подобен трошок за сместување и дневни трошоци за надвор од Македонија? Имено, планирани ни се студиски посети во 4 држави од Западен Балкан, па не сме сигурни дали можеме да ги пресметаме трошоците за патување и сместување надвор од државата.

**Одговор: Оперативните грантови се наменети за раст и развој на организацијата, односно за зголемување на влијанието во заедницата преку делувањето на организацијата во согласност со стратешкиот план на истата организација. Нема ограничувања во однос на активностите, но резултатот од проектните активности треба да се однесуваат на граѓаните во земјата во која се спроведува проектот. Прифатливите и неприфатливите трошоци се наведени во Анекс 1 - Насоки за аплицирање за Оперативен грант.**